РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1027/5
29-05-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ____ __________ од _____, на ден 07.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 30-тата седница одржано на 21.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од познат подносител – ____ __________ од _____, на ден 07.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5122/1 од 07.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за незаконски и корутивни дејствија во Општина _______ при ____________________________________________, а во врска со бесправно градење на територијата на општината.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5122/1 од 07.11.2019 година, поради постапување на друг надлежен државен орган.

Предметот со број 12-5122/1 од 07.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5122/1 од 07.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – ____ __________ од _____.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски и корутивни дејствија во Општина ________ ____ при ____________________________________________, а во врска со бесправно градење на територијата на општината. Согласно наводите во пријавата станува збор за неколку доставени пријави до овластениот градежен инспектор ______________________________ во однос на наводна дивоградба - објект од 100 м2, кој се наоѓа на ул.________________ бр.2 на КП 5____ КО ________ ____ и е изграден по

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

стапување на сила на Законот за постапување со бесправно изградени објекти. Во пријавата се наведува дека објектот е изграден спротивно на Законот за градење без одобрение за градење и соодветна документација, по што е поднесено барање за легализација на истиот. Подносителот на пријавата тврди дека му е нарушено владението на земјиштето на кое тој има право на користење заведено со број _________ од __________ во Општина ________ ____ и на кое има изграден објект од 19 м2 со поднесено барање за легализација _____________ од __________ година. Подносителот на пријавата во прилог доставува Решение од __________ ______________________ на ден __________ година со кое се утврдува дека му е нарушено владението.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет побара од Општина ________ ____ да достави детална информација со прилог документација за постапките на утврдување правен статус на бесправно изграден објект кои се однесуваат на двете горенаведени градби на КП 5____ КО ________ ____, со посебен акцент на тоа кога се изградени објектите и кои документи ги доставиле барателите.

Од страна на Општина ________ ____ доставен е одговор од два сектори - Сектор за ____________________________ и Сектор за ________________, со прилог копија од документација. Од доставената документација од страна на општината се констатира следново:

Согласно известувањето од Сектор за _______________________________ во конкретниот случај се работи за спротивставени барања чијшто предмет е ист бесправно изграден објект,поради што од страна на Градоначалникот на општината, врз основа на член 10 точка 3 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти се донесени Заклучок ________________ од __________ година и Заклучок _____________ од __________ година, со кои двете постапки се прекинати до доставување на правосилна судска пресуда, а барателите се упатени на парнична постапка пред надлежен суд.

Во известувањето од Сектор _________________ е дадено детално образложение за начинот на постапување по примените барања и следствено на тоа за преземените дејствија. По доставена претставка заведена под __________ од __________ година кое е примено од страна на овластениот градежен инспектор на ден __________ година, бидејќи се работело за објект за кој во Општина ________ ____ се води постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект под _______________ а со донесување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти се наметнува постапка согласно член 1 и член 2 став 2 од овој закон, со допис претставката со сите списи е доставена до Сектор за ______________________ на нивно запознавање и понатамошно постапување.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, а со оглед дека странките во постапката согласно закон се упатени на парнична постапка, Државната комисија за спречување на

корупцијата, оцени дека се работи за пријава која не содржи елементи за нејзино натамошно надлежно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut